ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15-153/12**

**Дата:** 01.09.2011

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Битола на сметката за основниот буџет за 2010 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Битола за 2006 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Битола презел мерки за дадените препораки.

За финансиските извештаи на Основен суд Битола за 2010 година изразивме позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатирано е дека Основен суд Битола не ги применува соодветните обрасци дефинирани во Судскиот деловник, а кои овозможуваат следење на наплатата на паричните казни, паушали, трошоци на кривичната постапка, обезбедуваат податоци за рокот за нивна наплата и даваат информации за причините кој доведуваат до ненавремено плаќање.
Со извршената ревизија утврдена е системска слабост која доведува до непостоење на точни и прецизни податоци за должниците и износите на побарувањата по основ на казни, паушали и трошоци на постапката на ниво на Република Македонија, кои се неопходни за изготвување на реални буџетски планови.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 7 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (631) на Основен суд Битола, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2006 година на Основен суд Битола и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Јордан Врбовски, Претседател на Основен суд Битола од 11.02.2008 година и
- Оливера Манели Бандевска, судски администратор во Основен суд Битола од 16.11.2007 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Основен суд Битола се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи е изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на

финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 11/04/2011 до 03/06/2011 година.

## 3. Осврт на ревизијата за 2006 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2006 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Битола презел мерки за дадените препораки (Преглед II).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Основен суд Битола– предмет на ревизија, одржан на ден 12 мај 2011 година.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Со увид во евиденцијата и наплатата на паричните казни, трошоците на кривичната постапка, конфискацијата на имот и имотна корист и одземање на предмети ревизијата констатира дека, Основен суд Битола правосилните судски одлуки за изречените парични казни и трошоци на кривичната постапка ги заведува во контролник за паричните казни, паушали, трошоци на кривичната постапка (Образец бр. 113), но нема воспоставено пракса за:

- Водење евиденција на износите наплатени од парични казни, трошоци на постапка, како и конфискуваниот имот и имотна корист (Образец бр.149), што не е во согласност со член 246 од Судскиот деловник;
- Пополнување на Образец „Известување за наплатена парична казна, трошоците за постапката и конфискуваниот имот и имотна корист„ (Образец бр.151), со која се известува судот за секоја уплата, што не е во согласност со член 249 од Судскиот деловник;
- Пополнување на Образец „Известување за истекот на рокот на наплата„ (Образец бр.150), со кој на крајот на секој месец, одговорниот работник по прегледување на сите отворени ставки е должен да го извести соодветниот судија дека рокот за наплата изминал, по што се поведува постапка за присилна наплата на должниот износ. Оваа неправилност не е во согласност со член 251 од Судскиот деловник и
- Изготвување на барање (Образец 152) од страна на овластениот работник што го води дневникот на паричните казни, трошоците на постапката и конфискуваниот имот и имотна корист до извршниот суд, за добивање известување за евентуалните пречки поради кои извршувањето не е спроведено во определен рок, што не е во согласност со член 152 од Судскиот деловник.

Причина за оваа состојба е што во 2010 година Основен суд Битола правосилните судски решенија ги праќа до Државното правобранителство на Република Македонија за нивно натамошно извршување, при што од нив не добива повратен одговор за наплатените казни, паушали, трошоци на кривичната постапка. На таков начин не е можно следење на наплатата на паричните казни, паушали, трошоци на кривичната постапка, при што постои ризик да измине рокот за нивна наплата и нема информации за причините кои доведуваат до ненавремено плаќање.

Во 2011 година извршени се измени на законската регулатива која ја уредува оваа област, при што надлежноста за наплатата на паричните казни и трошоци на кривичната постапка врз основа на правосилните судски решенија се пренесува на Управата за јавни приходи. Одговорните лица во Основен суд Битола информираа дека се водени разговори да се воспостави електронска комуникација со Управата, со што Судот ќе биде во можност да ја следи наплатата и да воспостави соодветна евиденција поврзана со нив.

**Препорака**

Раководството на субјектот да продолжат со активностите за воспоставување електронска поврзаност со Управата за јавни приходи и обезбедување на потребните информации.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Основен суд Битола на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1.1. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Основен суд Битола, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Согласно одредбите од Судскиот деловник, приходите наплатени од парични казни, паушали и трошоците на постапката се уплатуваат на сметката на буџетските приходи на Буџетот на Република Македонија. Според член 8 став 3 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Буџетот на Република Македонија нема обврска да води помошна книга – книга на побарувања, каде сметководствено би се евидентирале побарувањата по основ на парични казни, паушали и трошоците на постапката. Од друга страна, законската регулатива во Република Македонија не ги обврзува судовите да водат сметководствена евиденција на побарувањата по основ на неплатени казни, паушали и трошоците на постапката, бидејќи истите не претставуваат нивен приход. Кон оваа состојба се надоврзува и фактот што воспоставениот автоматизиран компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во судовите не содржи податоци за износите на казните, паушалите и трошоците на постапката, судовите не добивале повратна информација за наплата на истите од Државното правобранителство на Република Македонија, како и невоспоставената комуникација меѓу судовите и Буџетот на Република Македонија за очекуваните приливи на средства по овие основи. Оваа системска слабост доведува до непостоење на точни и прецизни податоци за должниците и износите на побарувањата по основ на казни, паушали и трошоци на постапката на ниво на Република Македонија, кои се неопходни за изготвување на реални буџетски планови.

Скопје, 24/08/2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| **Неданочни приходи** | | |
| Други владини услуги | 2.049 | 1.951 |
| **Вкупно неданочни приходи** | **2.049** | **1.951** |
| **Вкупно приходи** | **2.049** | **1.951** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 214 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | **214** | - |
| **Вкупно расходи** | **214** | - |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1.835** | **1.951** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Парични средства и побарувања** | | |
| Парични средства | 1.835 | 1.951 |
| **Вкупно парични средства и побарувања** | **1.835** | **1.951** |
| **Вкупна актива** | **1.835** | **1.951** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 1.835 | 1.951 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.835** | **1.951** |
| **Вкупна пасива** | **1.835** | **1.951** |